*Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Република Македонија*
*Факултет за медицински науки*
*Студии по Стоматологија*
*Катедра по орална и максилофацијална хирургија и дентална имплантологија*

# СУПРАПРОТЕЗИРАЊЕ СО ВИЗИЛ ПРОТЕЗИ, РЕТЕНИРАНИ НА ДЕНТАЛНИ ИМПЛАНТИ –ПРИКАЗ НА СЛУЧАЈ

Драгана Калаџиска, Габриела Илиевска
ментор: доц. д-р Киро Папакоча

## ВОВЕД И ЦЕЛ

Супрапротезирањето со помош на импланти претставува едноставна и ефективна можност за решавање на тоталната или парцијалната беззабност, за разлика од други методи за дентално – протетска реставрација.
Целта на оваа студија е да се презентира перспективата за примената на импланти како елементи за стабилизација и ретенција на денталните протези.




Клинички приказ на поставени сулкус формери и трансфери за земање на функционален отпечаток

## КЛИНИЧКИ СЛУЧАЈ

Пациентка на возраст од 59 години со парцијална беззабност на горна и тотална беззабност на долна вилица беше третирана во две фази. Најпрво беа инсерирани дентални имплантни соодветно и прилагодено според условите и ситуацијата воедно со аугментација на алвеоларниот гребен.
После инсерцијата на денталните импланти, направено е привремено протезирање, а по четири месеци имплантатите се отворени. Беше земен отпечаток со помош на трансфери и се поставени атачмени над нив во форма на топчиња.
Изработени се визил протези кои одлично лежат на алвеоларните гребени, а со помош на атачмените е обезбедена ретенција и стабилизација.



Земање на функционален отпечаток




Приказ на визил протезите




Клинички приказ на атачмените и на визил протезите

## ЗАКЛУЧОК

Можноста за поставување на дентални импланти во алвеоларниот гребен како основни елементи за ретенција и стабилизација на визил протези е огромна предност. Со тоа се постигнува многу цврста основа за протезите, а и на комплетното забало, со што се овозможува нормална функција.